ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 02.07.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни**: Градоначалник **Борјанчо Мицевски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**Пред почетокот на колегиумот од страна на Градоначалникот на сите присутни им беа поделени писмени задолженија со прецизно дефинирани рокови за нивно исполнување и обврска за известување по истите на следниот одржан колегиум.**

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со динамиката, ефективноста и ефикасноста во делот на даставата на решенија за даноци на имот и нотирање на состојбата со недостаток на човечки ресурси за успешна реализација на оваа активност.

Информација во врска со активностите околу подготовката на месечен финансиски извештај за реализираните трошоци на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, кој треба да биде изготвуван на месечно ниво најдоцна до 15-ти во месецот и објавуван на веб страната на општината, а во функција на отчетно и транспарентно работење на Градоначалникот и на самата единица на локалната самоуправа.

Информација во врска со регулирањето на активностите околу набавките на ситен канцелариски инвентар, освежителни пијалаци и средства за хигиена и начинот на реализација на истите, со јасни насоки и упатства околу постапувањето при изготвувањето и одобрувањето на спецификациите на ниво на одделенија, а согласно со потпишаните договори за јавни набавки со избраните економски оператори.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со потребата од пополнување на соодветни проектни прашалници (фишеа) за проектот за водомери, за кои што соодветни податоци треба да достави ЈП Комуналец, а најдоцна до 10.07.2018 година.

Информација во врска со активностите поврзани со тековното одржување и асфалтирање на улици и патишта.

Информација во врска со активностите за изградба на потпорни стени на поедини локации и динамиката на реализација.

Информација во врска со одобрени проекти за асфалтирање на патни правци кон с.Трново, с.Станци и с.Конопница.

Задолжение за координирање на активностите околу бетонирање на отворени површини во кои се поставени канделабри за улично осветлување, а заради превенирање на опасности од електричен спој и настанување на штетни последици.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со активностите околу лоцирање на сопственоста на објект на магистралниот пат и статусот на истиот, а со цел негово дислоцирање и уредување на просторот со поставување на урбана опрема.

Задолжение за лоцирање на точни локации за поставување на контејнери за отпад и изготвување на соодветна листа на локации, а според потребите на самото место.

Задолжение за дефинирање на локации за поставување на автобуски постојки и отпочнување на постапка за бетонирање на истите..

Задолжение за дефинирање на точни локации за поставување на информативни табли за истакнување на некролози.

Информација во врска со проектот за Зелениот пазар и детали околу проектираната финансиска конструкција.

Задолжение за согледување на можноста и приликите за подготовка на проект за поставување на фотоволтаици на Градскиот базен во Крива Паланка.

Информација во врска со подготовката на ДУП-ви за урбан дел 7-А, која постапка треба да продолжи и урбан дел 4-А, која постапка треба да биде отпочната.

Информација во врска со тековни проблеми од технички, кадровски и организациски аспект со кои се соочува ова Одделение.

Информација во врска со други тековни и идно активности на ова Одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со активностите околу подготовката на функционална анализа и реализацијата на акциониот план за спроведување на активностите кои се неопходни за успешно спроведување на оваа постапка и добивање на релевантна и прецизна функционална анализа.

Информација во врска со Планот за користење на прв дел од годишниот одмор и нотирање на конкретни забелешки за отстранување на недоследности и корегирање на грешки во истиот, подготовка на листа со вкупен број на денови кои му следуваат на секој вработен поединечно, а по основа на користење на нов годишен одмор и рок за изготвување на решенија за користење на прв дел од годишен одмор, не подоцна од 10.07.2018 година.

Информација во врска со активностите околу подготовката на спогодби за стекнување со степен на кариера и подготовка на соодветни нови решенија за плата, со зголемување на делот на плата за ниво.

Информација во врска со објавен интерен оглас за унапредување на двајца административни службеници.

Информација во врска со подготовката на правилник за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со другите тековни активнсоти на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со чистење на патниот правец кон с.Голеш, заради потребите на манифестацијата по повод верскиот празник Петровден и традиционалната активност по однос на истиот.

Информација во врска со активностите околу организацијата на претстојниот фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски 2018“ и нотирање на потенцијалните проблеми од организационен карактер, а со кои би можел да се соочи организаторот.

Задолжение за финансирање на нова водоводна и канализациона линија во ОУД Боро Менков, каде што би требало да бидат сместени дел од гостите – учесници на претстојниот фолклорен фестивал.

Задолжение за отворање на дијалог со Стопанската Комора на Република Македонија, во врска со отворање на локална канцеларија за поддршка на локалните стопанственици и нивните тековни потреби и барања.

Задолжение за подготовка на правилник за начинот и условите за основање на Општински сојуз на стопанственици.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со спроведени и тековно распишани постапки за јавни набавки.

Информација во врска со активностите околу поддготовката на одлуките донесени на шпоследната седница на Советот на Општина Крива Паланка и заклучоците за прогласување на истите, како и подготовката на службеното гласило.

Задолжение за проценка на пазарната вредност на објектите во с.Огут, с.Трново и с.Жидилово, кои треба да бидат предмет на постапка за давање под закуп и подготовка и распишување на јавен оглас за давање под закуп на јавна површина за поставување на урбана опрема во Градскиот парк во Крива Паланка.

Информација во врска со подготовката на Одлука за доделување на користење на канцелариски простор за потребите на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Крива Паланка, а во функција на полесно остварување и соодветна помош на корисниците на права од социјална заштита.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековни активности на улица „8-ми Октомври“, барање за нивелирање на поставени шахти и потреба од точно лоцирање и поставување на решетки за одвод на атмосферски води, а пред целосното асфалтирање на улицата.

Информација во врска со активностите поврзани со премостувањето на водоводната линија во с.Узем – Костур, со задолжение да се исконтактира со раководството на РОЦ Тораница заради организирање и отпочнување со активности за ископ на каналот, по кое ЈП Комуналец ќе пристапи кон поставување на црево.

Дадено е задолжение за отпочнување со активности за бетонирање на рамки за поставување на автобуски постојки на вкупно 12 (дванаесет) локации.

Дадено е задолжение за итно и неодложно чистење на долот „Нимулија“, а најдоцна до 16.07.2018 година.

Дадено е задолжение за поднесување на квартални извештаи на секои 3 (три) месеци, со податоци за бројот на нови регистрирани корисници на услуги за водоснабдување, одвод на отпадни води, собирање на смет и одржување на јавна чистота.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со подготовката на програма за реализација на Кривопаланечко културно лето 2018 година, со дефинирање на активности, формирање на координативно тело, дизајнирање на лого, обезбедување на потенцијални спонзори и сугестија до НВО кои добиле грантови за реализација на проекти од доменот на културата своите проектни активности да ги praмestуваат во рамките и како составен дел од ова Културно лето.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**02.07.2018 година, Крива Паланка**